# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.164 од 27.11.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија" број 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/11, 47/11, 53/11 и 123/12), во членот 30 став 4 зборовите:
„Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на туризмот" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 2**

Во членот 65 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:
"Против решението на Државниот пазарен инспектор од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Против решението на овластениот инспектор на општината, односно на градот Скопје од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.